Врз основа на член 483 од Законот за трговски друштва, член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката), на седница одржана на 19.05.2026 година ја донесе, следната:

**ОДЛУКА**
**за употреба и распоредување на утврдената добивка**
**за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

1.Добивката по годишната сметка за 2025 година на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| Данок на добивка | МКД | 55.825.321,00 |
| Добивка по оданочување | МКД | 492.514.716,00 |
| Вкупно: | МКД | 548.340.037,00 |

2.Утврдената добивка по оданочување по Годишната сметка за 2025 година, на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ќе биде распоредена на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 Вложувања во инвестиции (реинвестирана добивка) | МКД | 50.000.000,00 |
| 2 Камата по перпетуална обврзница | МКД | 22.010.712,00 |
| 3 Акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите | МКД | 211.296.969,00 |
| 4 Останати резерви | МКД | 209.207.035,00 |

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО број:0201/4-6/2026
19.05.2026 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

**Образложение**
**кон Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на УНИбанка АД Скопје за 2025 година**

Како резултат од работењето во 2025 година УНИбанка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 548.340.037,00 денари. По одбивање на данок на добивка во износ од 55.825.321,00 денари, останува добивка по оданочување во износ од 492.514.716,00 денари.

Утврдената добивка по оданочување во износ од 492.514.716,00 денари се распределува и тоа: дел за вложување во инвестиции (реинвестирана добивка), дел за исплата на камата по перпетуалната обврзница, акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите во износ од 211.296.969,00 денари и дел за останати резерви во износ од 209.207.035,00 денари.